# Стратешки план на Платформата за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)
# 2024-2025

**мај – октомври 2023**

## Содржина


**1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ .......... 3**

**2. ПРОЦЕС НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ .......... 4**

**3. АКТУЕЛЕН КОНТЕКСТ .......... 4**

**3.1. Клучни прашања од интерес за Платформата** .......... 4

**3.2. Релевантни чинители** .......... 5

**4. ПРОФИЛ НА ПЛАТФОРМАТА .......... 6**

**4.1. Историјат и развој на Платформата** .......... 6

**4.2. Капацитети, можности и потреби за развој** .......... 7

**5. СТРАТЕШКИ НАСОКИ .......... 8**

**5.1. Визија и мисија** .......... 8

**5.2. Стратешки цели и стратегии** .......... 9

*5.2.1 Стратешки пристап .......... 9*

*5.2.2. Стратешка цел 1: Идентификување и следење на состојбите на полето на радикализација на младите .......... 9*

*5.2.3. Стратешка цел 2: Подигнување на свеста кај младите и другите чинители за мир, толеранција и потребата од искоренување на говорот на омраза и врсничко насилство .......... 10*

*5.2.4. Стратешка цел 3: Зајакнување на механизмите за превенција на насилство и екстремизам во основните и средните училишта .......... 10*

*5.2.5. Стратешка цел 4: Засилено вмрежување на чинителите кои работат на намалување на радикализација на младите .......... 11*

*5.2.6. Стратешка цел 5: Зголемена информираност на релевантните чинители за Платформата 11*

**6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО И ОДГОВОРНОСТИ .......... 12**

**7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНОТ .......... 12**

**ПРИЛОГ 1 ЈАКИ СТРАНИ, СЛАБОСТИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ НА ПЛАТФОРМАТА .......... 13**




This project is funded by the European Union

# 1. Извршно резиме

Стратешкиот план на Платформата за граѓанско образование на млади за борба против радикализација е подготвен со намера да даде стратешки насоки за работењето на Платформата за периодот 2024-2025.

Планот беше развиен низ партиципативен процес на консултации кој овозможи вклучување на предлозите и мислењата на сите членки на Платформата.

Планот го адресира проблемот на насилството меѓу младите, кое се појавува во различни форми вклучувајќи врсничко насилство, онлајн насилство, насилство на спортските терени, во јавниот превоз и други јавни места, насилство потикнато од меѓуетничка и верска нетолеранција, различен социјален статус и други разлики меѓу младите.

Визија која Платформата посакува да биде остварена е младите да живеат во општество во кое владее мир и толеранција и активно да придонесуваат кон искоренување на говорот на омраза и врсничкото насилство и во развојот на заедницата. Мисијата на Платформата е да ја подигне и гради свеста кај младите за тие да станат отпорни, да ги препознаваат дезинформациите и да не потпаѓаат на влијанија кои ќе ги поттикнуваат на насилен екстремизам и да ја развива соработката меѓу релевантните чинители создавајќи механизми за превенција и справување со насилен екстремизам и градење на општествена одговорност меѓу младите.

Во следниот двегодишен период стратешките цели на Платформата се:

1. Идентификување и следење на состојбите на полето на радикализација на младите.

2. Подигнување на свеста кај младите и другите чинители за мир, толеранција и потребата од искоренување на говорот на омраза и врсничко насилство.

3. Зајакнување на механизмите за превенција на насилство и екстремизам во основните и средните училишта.

4. Засилено вмрежување на чинителите кои работат на намалување на радикализација на младите.

5. Зголемена информираност на релевантните чинители за Платформата.

Во остварувањето на стратешките цели Платформата ќе користи повеќе различни стратегии и пристапи, вклучувајќи кампањи, обуки, семинари, работилници. Значајни напори ќе се вложуваат во одржливо вмрежување меѓу членките, зајакнување на комуникацијата и соработката меѓу нив, организирање на заеднички активности и зајакнување на соработката со другите релевантни чинители.

Спроведувањето на стратешкиот план ќе биде тековно следено и проверувано во однос на поставените цели. Извештаите за прогресот ќе бидат разгледувани на годишно ниво и ќе бидат давани препораки за следниот период. По потреба ќе се прави и соодветна ревизија на стратешкиот план во консултации со сите членки на Платформата.

Управниот одбор на Платформата ќе има клучна улога поврзана со организирање на спроведувањето и следење на остварувањето на стратешкиот план, како и координирање на процесите на подготовка на проектни апликации со што би се обезбедувале финансиски ресурси за предвидените активности.



This project is funded by the European Union
EU with YOU
Initiative for European Perspective
Здружение за развој и активизам АКВА
center for intercultural dialogue
NEXUS civil concept

# 2. Процес на стратешко планирање

Стратегијата на Платформата за граѓанско образование на млади за борба против радикализација за перидот 2024-2025 беше подготвена низ партиципативен процес на консултации и планирање и е одраз на споделено разбирање, вредности, цели и очекувања на членките на Платформата. Процесот на подготовка на стратешкиот план беше воден и спроведен од страна на надворешен експерт.

Подготовката започна со серија од три консултативни работилници кои се одржаа на 16ти мај 2023 во Куманово, на 7ми јуни во Струга и на 27ми јуни во Скопје. На работилниците учествуваа вкупно 39 учесници претставници на локалните граѓански организации членки на Платформата. Сите работилници беа спроведени според иста програма. На почетокот на работилниците учесниците беа запознаени со целите и планираниот процес на стратешко планирање, методологијата за работа на работилницата и процесот на подготовка на стратешкиот план генерално. Понатаму во работни групи учесниците работеа на анализа на контекстот, односно преку пристап на дијаграм на проблеми ги идентификуваа клучните прашања и приоритети во однос на прашањето на радикализација на младите. Учесниците користејќи ја SWOT методологијата направија и анализа на функционирањето на Платформата и подготвија преглед на јаки страни и слабости на Платформата и можности и закани за нејзиното работење. Учесниците дискутираа и за изјавите на визијата и мисијата на Платформата, а работејќи во групи понатаму ги развиваа целите и активностите на Платформата од што произлегоа предлог листи на приоритетни цели кои Платформата треба да ги адресира и активности кои треба да ги спроведува во периодот 2024-2025.

Од работилниците беа подготвени извештаи кои ги сумираат дискусиите и работата во групи, а заклучоците се земени предвид и интегрирани во нацрт стратешкиот план. Покрај извештаите документот ги зема предвид и претходните анализи, извештаи и други документи подготвени во рамките на проектот.

Нацрт стратешкиот план беше презентиран пред членките на Платформата на заеднички состанок кој се одржа на 27 септември во Куманово.

# 3. Актуелен контекст

## 3.1. Клучни прашања од интерес за Платформата

Главното прашање за Платформата и во наредниот двегодишен период е насилството меѓу младите, кое се појавува во различни форми вклучувајќи врсничко насилство, онлајн насилство, насилство на спортските терени, во јавниот превоз и други јавни места, насилство потикнато од меѓуетничка и верска нетолеранција, различен социјален статус и други разлики меѓу младите.

За Платформата е значајно овој проблем да се анализира, да се адресира од страна на релевантните чинители, да се решава и превенира, бидејќи води до низа на пошироки негативни општествени ефекти како што се нарушување на менталното здравје на младите, иселување, зависности од дрога и психотропни супстанции, убиства и самоубиства, криминално и девијантно однесување и натамошно радикализирање на младите.



This project is funded by the European Union
EU with YOU
Initiative for European Perspective
Здружение за развој и активизам АКВА
CID center for intercultural dialogue
NEXUS civil concept

За надминување на насилството во сите свои појавни облици потребно е да се идентификуваат факторите и причините кои го поттикуваат. Како значаен поттикнувач на насилството меѓу младите се идентификувани социјалните разлики и економскиот статус на младите, различната политичка определба, различната верска и етничка припадност и различната сексуална определба. Битна улога игра и неадекватно воспитување во семејството и училиштето, недоволно превентивни активности во училиштата, недоволна едукација на оваа тема, недоволната комуникација меѓу наставниците, учениците и родителите и недостаток на квалификуван кадар во училиштата кој стручно би работел на превенирање и решавање на проблемите поврзани со насилството. Лошата економска и политичка состојба во државата и високата невработеност се исто така фактори кои имаат свое влијание. Неконторлираниот пристап на интернет до несоодветни информации и дезинформации на социјалните мрежи има исто така важна улога како поттикнувач на говор на омраза и насилство. Дисфункционалните семејства, недостаток на љубов, недоволно самодоверба, недоволната комуникација во семејството, дискриминацијата со која се соочуваат младите во училиштата и меѓу своите врсници се исто така причинители за насилство.

Од гледна точка на институционална рамка поврзана со борба против насилниот екстремизам и тероризам, Владата има донесено Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022) и Национална стратегија за борба против тероризмот (2018-2022) и има формирано Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот со цел следење и анализирање на состојбата со превенцијата на насилниот екстремизам и борба против тероризам и координирање на активностите на надлежните институции кои работат на решавањето на проблемите во оваа област. Сепак според извештајот на ЕУ за напредокот на државата, Владата на Северна Македонија сеуште заостанува во напорите за поинтегриран и превентивен пристап кон спречување и борба против насилниот екстремизам и тероризам. Ова посебно се однесува на локално ниво, бидејќи локалните совети за превенција и акционите тимови на локалната заедница не се функционални во секоја општина и е потребно зајакнување на нивната положба. Значајна улога може да имаат и граѓанските организации кои не се доволно информирани на оваа тема и е потребно соодветно да се зајакнуваат, да добијат пристап до информации и да соработуваат со институциите, како што се училиштата, центрите за социјална работа, како и органите кои се директно вклучени во борбата против радикализација и екстремно насилство.

## 3.2. Релевантни чинители

Клучните чинители за кои беше идентификувано дека имаат улога во превенција и справување со насилен екстремизам и радикализација на младите се: семејството, родителите и советите на родители, училиштата (пред се средните, но и основните), Владата, МВР-секторот за превенција при МВР, полицијата, Министерството за образование, Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, соодветните сектори во општините и инспекторите, центрите за социјална работа, верските заедници, верските лидери и верските школи, граѓанските организации, младинските културни центри, инфлуенсерите на социјалните мрежи и медиумите.


This project is funded by the European Union

Секој од овие чинители е засегнат од проблемот на насилен екстремизан од различен аспект и на различен начин може да придонесе кон надминување на овој проблем, па Платформата соодветно треба за секој да развие посебен пристап на работа и/или соработка:

- Со родителите и семејствата е потребно да се работи на градење на свеста за толеранција и мир преку работилници и кампањи.
- Училиштата можат да вршат едукација преку обуки, семинари и конференции, а наставниците во средните училишта треба да се ангажираат да ги едуцираат учениците за опасностите од радикализација.
- Со Министерството за внатрешни работи треба да се работи на зајакнување на секторот за превенција и подигнување на свеста за казнивоста на крвичното дело преку активности за односи со јавноста и социјалните медиуми.
- Општината може да има важно влијание преку формирање на комисија за поддршка и промоција на борба против насилство.
- Верските заедници можат да придонесуваат со соодветно насочување и толкување на религијата и сопствен придонес кон поттикнување на меѓурелигиски дијалог и меѓусебна почит преку заеднички средби и трибини.
- Граѓанските организации можат да придонесуваат со соодветно насочување и промоција на ненасилство и меѓусебна почит преку заеднички средби и трибини, како и да преземат поактивна улога во реагирање и осуда на говор на омраза и изјави кои водат до поларизација и конфликти во општеството.
- Медиумите можат да придонесат со објективно и несензационалистичко информирање и елиминирање на  говорот на омраза и да работат на подигнување на свеста преку едукативни емисии.
- Локалните инфлуенсери можат да го дадат својот придонес преку објективно информирање и градење на свеста.

# 4. Профил на Платформата

## 4.1. Историјат и развој на Платформата

Платформата е создадена во рамките на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)“ кој е подржан од ЕУ, а е спроведуван од Иницијатива за европска перспектива (ИЕП) од Скопје, како ко-ординатор на проектот во партнерство со Нексус – Граѓански концепт од Скопје, Здружението за развој и активизам (АКВА) од Струга и Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) од Куманово. Проектот има за цел да го зајакне капацитетот на локалното граѓанско општество за градење отпорност против радикализација на младинското население во Северна Македонија, а се спроведува во периодот 2021-2023.

Еден од планираните резултати во проектот е развиена и функционална Платформа за граѓанско образование на млади, наменета за дизајнирање на контра-наративи и алтернативни наративи за


This project is funded by the European Union

спречување на радикализација што води кон насилен екстремизам и тероризам. За таа цел во јуни 2021 е отворен повик за членство во Платформата. Членки на платформата можат да бидат граѓански организации регистрирани најмалку 1 година (организација за млади, младинска организација, чадор организација за млади и други видови на организации / здруженија / фондации / сојузи / подмладоци на други организации) и/или неформални групи на млади кои работат на различни иницијативи во корист на млади на локално ниво. Организациите членки на Платформата работат на промоција на заштита на правата на младите, унапредување на младите, поддржуваат иницијативи за раст и развој на младите во Р.С.Македонија и работат на унапредување на еднаквоста, третманот на младите, толеранција и демократија меѓу младите. Платформата има 32 членки.

Проектниот тим на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)" ја поддржува и координира работата на Платформата. Членките на Платформата активно учествуваат во активностите кои се организираат во рамките на проектот.

Во ноември 2021 е избран првиот Управен одбор на Платформата кој остварува редовни средби, а согласно на деловникот за работа има надлежност да дава стратешки насоки за спроведувањето на активности во рамки на Платформата, да го следи спроведувањето на работата на Платформата и да прави оценка на прогресот, да го поддржува проектниот тим во планирањето и дизајнирањето на активностите и решавањето на проблемите во рамки на Платформата, да дава предлози за нови членови на Платформата, да поттикнува интерес и да ја промовира Платформата меѓу граѓанските организации и другите локални чинители, да гради врски и да одржува комуникација со локалните актери, институциите, училиштата, да ги поддржува процесите на застапување во име на Платформата и да дава предлози за збогатување на содржините на он-лајн Платформата. Во ноември 2022 е избран нов состав на Управниот одбор.

## 4.2. Капацитети, можности и потреби за развој

Воспоставувањето и функционирањето на Платформата во изминатите две години се должи на поддршката добиена од проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)" и на активниот ангажман во организирање и координирање на Платформата од страна на организацијата спроведувач и партнерите во проектот.

Самото формирање на Платформата е значајно достигнување и битен резултат само по себе бидејќи таа е единствена мрежа на граѓански организации во земјата која го адресира прашањето на насилен екстремизам и радикализам меѓу младите и овозможува вмрежување на организации кои работат или се заинтересирани да работат на ова поле. Со тоа Платформата се востановува како форум кој им помага на своите членки меѓусебно да споделуваат релевантни информации, искуства и мислења во што посебна улога игра и веб платформата која беше создадена во рамките на проектот. Досегашното работење на зајакнување на свеста кај младите е една од најважните постигнувања и јаки страни на Платформата бидејќи тое е клучен релевантен пристап кој треба да донесе долгорочни резултати. Самите активности кои ги спроведуваше Платформата (обуки, работилници и други настани) се многу позитивно оценети од учесниците со оглед на тоа што биле

опфатени теми кои се многу релевантни за младите, им била понудена можност за дружење и споделување на искуства, биле поттикнувани на активност, а организацијата и логистичката поддршка биле на високо ниво.

Области во кои Платформата треба да работи на подобрување во иднина се информирање за Платформата и нејзина промоција меѓу организациите, младите и јавноста генерално, активно вклучување на членките, подобрување на методите и пристапот за едукативните настани (намалување на времетраењето, поголема интерактивност) и обезбедување на повеќе човечки ресурси вклучувајќи и волонтери.

Можности кои Платформата треба да се труди да ги искористи во иднина се да ја зајакнува соработката со општините, училиштата, МВР и медиумите, да учествува во процесите на креирање политики, да развива регионална соработка и да аплицира на достапните фондови.

Закани кои треба да бидат земени предвид во натамошното функционирање на Платформата се згаснување на многу локални организации, иселувањето на младите, генералниот тренд на недоволен интерес на младите, нивната неактивност и недоволно ангажираност во волонтерски активности кон што придонесува и неподдржувачкиот вредносен систем во општеството во кој не се цени волонтертсвото и општествената одговорност, како и недоволно атрактивни активности на граѓанските организации кои би ги поттикнувале младите на ангажман.

Целосен преглед на СВОТ анализата подготвена на консултативните работилници е даден во табелата во Прилог 1.

# 5. Стратешки насоки

## 5.1. Визија и мисија

**Визија:** Младите живеат во општество во кое владее мир и толеранција, придонесуваат кон искоренување на говорот на омраза и врсничкото насилство и се активни чинители во развојот на заедницата.

Членките на Платформата ја споделуваат оваа заедничка визија и веруваат дека младите од Македонија ќе имаат можност да живеат во држава каде нема да постои говор на омраза и насилство што ќе им овозможи и ќе ги поттикнува и тие активно да придонесуваат во развојот на заедницата и надминување на проблемите.

**Мисија:** Мисијата на Платформата е да ја подигне и гради свеста кај младите за тие да станат отпорни, да ги препознаваат дезинформациите и да не потпаѓаат на влијанија кои ќе ги поттикнуваат на насилен екстремизам и да ја развива соработката меѓу релевантните чинители создавајќи механизми за превенција и справување со насилен екстремизам и градење на општествена одговорност меѓу младите.

Оваа своја мисија Платформата ќе се стреми да ја остварува преку градење на одржлива мрежа и зајакнување на комуникацијата и соработката меѓу своите членки, организирање на заеднички активности и зајакнување на соработката со другите релевантни чинители.



This project is funded by the European Union
EU with YOU
Initiative for European Perspective
Здружение за развој и активизам АКВА
center for intercultural dialogue
NEXUS civil concept

## 5.2. Стратешки цели и стратегии

### 5.2.1 Стратешки пристап

Пристапот на работа на Платформата во следните две години ќе се базира на претходно утврдени состојби и потреби на полето на радикализација на младите, заради што Платформата ќе спроведува редовни анализи и ќе поддржува и користи истражувања спроведени од своите членки.

Клучното прашање кое Платформата ќе го адресира во континуитет е подигнување на свеста како на младите, така и на другите чинители, за мир, толеранција и потребата од искоренување на говорот на омраза и врсничко насилство меѓу младите. Зајакнување на свеста е клучниот предуслов за одржливо и долгорочно решавање на проблемот на радикализација на младите и затоа овој пристап ќе има примарен фокус во работењето на Платформата.

Покрај тоа Платформата ќе посвети посебно внимание и на зајакнување на механизмите за превенција на насилство и екстремизам во основните и средните училишта придонесувајќи кон институционално решавање на овој проблем. Пристапот до помош (правна, психолошка) за младите - жртви на насилство е област во која Платформата ќе се ангажира преку поддршка на своите членки кои работат во оваа област.

За следните две години Платформата дефинираше и две стратешки цели насочени кон институционален развој на самата мрежа и нејзино натамошно етаблирање меѓу чинителите кои работат на полето на борба против радикализација на младите. Платформата ќе се стреми да привлече меѓу членките и нови граѓански организации кои работат на оваа тема и да ја зајакнува соработката со сите релевантни институции и други чинители на национално и локално ниво. Платформата ќе вложува и засилени напори да ја зголемува својата видливост со засилување на сопствената промоција.

### 5.2.2. Стратешка цел 1: Идентификување и следење на состојбите на полето на радикализација на младите

Со намера со своите активности да ги адресира релевантните и клучни прашања и проблеми Платформата редовно и тековно ќе ги следи состојбите на полето на радикализација на младите преку истражувања и анализи. Извештаите од истражувањата и анализите ќе бидат основа за планирањето на активностите на Платформата, ќе им служат на членките за планирањето на своите активности и ќе бидат јавно достапни за да бидат користени од сите релевантни чинители. Во оваа област Платформата ќе делува во спрега и координација со своето членство и заради ефективно искористување на ресурсите ќе користи и веќе постоечки анализи и истражувања изработени од членките и други чинители.

Истражувањата и анализите треба да ги мапираат проблемите кои треба да бидат адресирани, како и факторите кои водат до насилство, а ќе се однесуваат на локално и/или национално ниво. Покрај тоа Платформата преку своите локални членки ќе се труди да воспостави систем на тековно следење на состојбите и потребите во локалните средини.

Преглед на предложени активности:

- Мапирање на факторите кои водат до насилство и проблемите кои Платформата треба да ги одстрани.
- Истражување и анализа на локално ниво.
- Истражување на степенот на присутност на меѓуетничка дистанца.
- Локални претставници кои ќе укажуваат на проблемите во нивните средини.
- Анонимна анкета низ образовните установи.

### 5.2.3. Стратешка цел 2: Подигнување на свеста кај младите и другите чинители за мир, толеранција и потребата од искоренување на говорот на омраза и врсничко насилство

Свеста за мир, толеранција и надминување на говорот на омраза и врсничко насилство е потребно да се гради во континуитет како меѓу младите, така и меѓу другите чинители во општеството (семејството, училиштата, медиумите). Заради тоа Платформата ќе спроведува низа едукативни активности (обуки, работилници, семинари) насочени кон различни целни групи (млади, медиуми, родители, наставен кадар), како и низа информативни кампањи спроведени преку различни медиуми (ТВ, социјални медиуми) прилагодени кон потребите на секоја целна група.

Преглед на предложени активности:

- Национална кампања на ТВ и социјални медиуми.
- Организирање обуки во училишта за ученици, наставен кадар, совет на родители, стручни служби.
- Активности за идентификација на заеднички вредности и подобрена заедничка соработка.
- Локални настани во заедниците.
- Обука и едукација на новинари.
- Обуки, семинари, дебати и работилници за зајакнување на свеста кај младите.
- Споделување на искуства преку социјални мрежи и онлајн дебати.
- Зајакнување на социјалните вештини кај младите.
- Едуцирање на обучувачи и приклучување на младински обучувачи.
- Посета и запознавање со културни вредности.
- Дигитална платформа со креативни содржини за запознавање на културата на различните етнички заедници.
- Флаери за информирање на јавни места (кафулиња).

### 5.2.4. Стратешка цел 3: Зајакнување на механизмите за превенција на насилство и екстремизам во основните и средните училишта

Насилството и екстремизмот меѓу младите треба институционално да се решава во основните и средните училишта како средини во кои младите поминуваат значаен дел од своето време и каде во голема мера се изложени на овие појави. За таа цел Платформата во рамките на своите можности и ресурсите со кои ќе располага ќе работи да ги поддржува чинителите и да ја јакне нивната меѓусебна соработка со цел да се превенира насилството меѓу младите. Платформата ќе ја користи својата експертиза на оваа тема и ќе обезбедува едукација на младите и на стручните служби и ќе


This project is funded by the European Union

се јави како фацилитатор во процесите на развивање на пристапи за системско адресирање на оваа појава.

Преглед на предложени активности:

- Поттикнување и олеснување на соработката и кооридначијата меѓу МВР, училишта и ГО.
- Развивање на стратегија и акциски план.
- Зајакнување на улогата на стручните служби.
- Едукација на младите преку обуки и работилници за нивно запознавање со поимите и формите на насилство како и препознавање на жртвите.

### 5.2.5. Стратешка цел 4: Засилено вмрежување на чинителите кои работат на намалување на радикализација на младите

За да го зголеми своето влијание, Платформата во следниот период ќе се труди да го зајакнува вмрежувањето на своите членки, да ги поттикнува на активен ангажман во рамките на Платформата и да го зголемува своето членство со прием на нови граѓански организации. Покрај тоа ќе работи и на зајакнување на соработката и со другите релевантни чинители на локално и национално ниво (општините, МВР, училиштата).

Преглед на предложени активности:

- Координација со младински центри, локални совети за превенција, училишта.
- Соработка преку дебати, семинари, работилници и тренинзи за поврзување со другите институции и организации.
- Приклучување на нови организации кон Платформата заради зголемено директно влијание.
- Соработка со МОН и општините за да се обезбеди едукација во  училиштата.

### 5.2.6. Стратешка цел 5: Зголемена информираност на релевантните чинители за Платформата

Видливоста на Платформата е директно поврзана со резултатите кои ги остварува и е предуслов за вклучување на поголем број на засегнати чинители. За таа цел, Платформата ќе ја интензивира својата промоција со цел да информира поголем број на граѓански организации и млади и да привлече повеќе соработнци со кои ќе работи на остварување на планираните активности.

Преглед на предложени активности:

- Промоција на Платформата преку социјалните мрежи.
- Отворен ден за младите и вмрежување.
- Промоција на Платформата во основни и средни училишта.
- Промоција на членките на Платформата, нивната работа и услугите кои ги нудат.



This project is funded by the European Union

## 6. Организација на спроведувањето и одговорности

Стратешкиот план на Платформата за периодот 2024-2025 ќе претставува клучна програмска рамка во работењето на Платформата. Тоа подразбира дека овој документ ќе биде основа за развој на сите програмски и проектни документи. За операционализација на стратешкиот план секоја година ќе се подготвува годишна програма која ќе претставува преглед на планираните активности на годишно ниво за секоја од стратешките цели.

Важен предуслов за реализација на планот е да се обезбедат доволно ресурси за спроведување на активностите. Клучната одговорност за спроведувањето на Стратешкиот план ќе ја има Управниот одбор. Тоа подразбира дека тој ќе се ангажира во координирање и организирање на планираните активности. Стратешкиот план и годишните програми ќе бидат основа и за подготовка на апликации за проекти. Подготовката на апликациите ќе биде водена од Управниот одбор, а ќе учествуваат сите заинтересирани членки. Управниот одбор ќе се ангажира и ќе обезбеди дека и во периодот во кој Платформата нема да има поддршка од донатор ќе се спроведуваат минимален обем на активности за кои не се потребни значајни финансиски ресурси, а кои ќе ја одржуваат Платформата да биде активна и видлива (размена на информации и координација меѓу членките, ажурирање на веб платформата, кампањи на социјални медиуми).

Годишните извештаи за остварувањето на годишната програма ќе бидат подготвувани од Управниот одбор врз основа на извештаи од активностите за кои ќе бидат задолжени членките спроведувачи на соодветните активности. Годишните извештаи ќе се презентираат пред сите членки на Платформата. Освен за презентација на годишните извештаи, повремено Управниот одбор ќе организира редовни состаноци со сите членки на Платформата кои ќе бидат можност за членките да даваат сугестии и насоки за поефективно остварување на стратешките цели. Овие дискусии, Управниот одбор ќе ги зема во предвид при подготовката на годишната програма.

## 7. Мониторинг и евалуација на спроведувањето на планот

Платформата тековно ќе го следи спроведувањето на стратешкиот план во поглед на динамиката на имплементација и постигнување на посакуваните резултати. За таа цел ќе биде потребно да се постави систем за редовно прибирање на потребните податоци и информации и подготовка на извештаи за прогресот.

Прибирањето на податоците за следење на спроведувањето на Стратешкиот план ќе биде во надлежност на членките кои ги спроведуваат активностите, а врз основа на насоки кои ќе ги дава Управниот одбор. Годишните извештаи ќе содржат оценка на постигнувањата, а прогресот ќе биде дискутиран од Управниот одбор, како и на состаноци со сите членки. Во зависност од промените во контекстот, а врз база на оценката на спроведувањето, стратегијата тековно ќе биде соодветно ревидирана и прилагодувана. Измените на стратегијата ќе бидат подготвувани од Управниот одбор, а во консултации со сите членки на Платформата.



This project is funded by the European Union

# Прилог 1 Јаки страни, слабости, можности и закани на Платформата

| Јаки страни | Слабости | Можности | Закани |
|---|---|---|---|
| • Зголемување на свеста на младите.<br>• Младите добиваат можности.<br>• Вмрежување на организациите и младите.<br>• Едукација на младите на релевантни теми.<br>• Справување со конфликти.<br>• Отворање на нови перспективи.<br>• Единствена Платформа од ваков тип.<br>• Стекнување вештини и знаења.<br>• Дружење и преземање акција.<br>• Добар извор на информации.<br>• Добра организација.<br>• Вклученост на сите во групата.<br>• Добар избор на теми.<br>• Добра логистичка организација.<br>• Добро организирано време на младите и продуктивни активности. | • Неактивност на волонтерите.<br>• Неискористување на ресурси.<br>• Недоволна информираност.<br>• Неповолни услови за работа.<br>• Недоволна промоција на работата и активностите на Платформата.<br>• Недоволен интерес за активно учество во активностите на Платформата од страна на членките.<br>• Недоволно интересни презентации.<br>• Предолго времетраење на настаните.<br>• Недоволно енерџајзери. | • Неформална едукација.<br>• Соработка со општините и училиштата.<br>• Размена на мислења.<br>• Споделување искуства.<br>• Соработка со медиуми.<br>• Соработка со МВР.<br>• Учество во процесите на креирање политики.<br>• Регионална соработка.<br>• Достапни фондови.<br>• Формализирање на Платформата. | • Згаснување на организации.<br>• Недоволна соработка со општините.<br>• Недоволна заинтересираност на младите.<br>• Иселување на младите.<br>• Мал интерес за волонтерски ангажман.<br>• Активностите на ГО се недоволно интересни за младите. |